Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

ДО:
СИТЕ ЗАЕНТЕРЕСИРАНИ
ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ

Почитувани,

Врз основа на пристигнато прашање/забелешка на тендерската документација од страна на економски оператор согласно точка 3.1 од тендерската документација, за спроведената постапка со преговарање без претходно објавување на оглас бр. 20-2930, за јавна набавка на стоки - Нова медицинска опрема наменета за соодветно спроведување на здравствен третман на пациентите болни од COVID-19, за потребите на Јавните здравствени установи на подрачјето на Град Скопје, Договорниот орган во прилог ви го дава одговорот на поставеното прашање.

**Прашање од економски оператор**

- Имено во одговорот за дел 2 точка 6 одговорот на прашањето е дека истото не е прифатено, додека во документацијата на техничката спецификаце соодејствува на позитивен одговор на поставеното прашање од страна на економскиот оператор. Затоа замолуваме да се прецизира кој документ е валиден, документацијата од постапката или вашиот одговор на прашањето?
- Доколку за горенаведената точка барањето е прифатено, тогаш би сакале да поставиме прашање. Зошто ваков вид на спецификација е прифатен каде внатрешниот дел е од метал? Поради можноста металот да кородира и јави р'ѓа при автоклавирање го доведува производот да не биде повеќе употреблив. Со ваков тип на квалитет несвесно при работењето на медицинскиот персонал, може да се доведе до потенцијално стварање инфекција или бактерија на пациентот или да се доведе истиот во многу посериозна состојба. Поради тоа, предлагаме да спецификацијата за внатрешниот дел да биде „Садот за овлажнување да биде со силиконско црево и пластична навртка каде внатрешниот дел е изработен од месинг". Што се однесува до внатрешниот дел од навртката изработен од месинг подлежи на автоклавирање и е со поголем квалитет од обичен метал.

**Одговор:**

- Од страна на Договорниот орган е дадено објаснување на фактичката состојба, односно дека за Договорниот орган прифатливи се елементи на медицинската опрема изработени од полесен материјал, а не дека не се прифаќа предлогот, а соодветно на одговорот е изменета и техничката спецификација во

тендерската документација која претставува единствен документ по кој се поднесува понуда.

- Предлогот за измена на спецификацијата со кој се предлага да стои: „Садот за овлажнување да биде со силиконско црево и пластична навртка каде внатрешниот дел е изработен од месинг“ не се прифаќа, од причина што наведената побарана спецификација веќе е составен ден на тендерската документација, и ваквото барање може да доведе до ограничување на конкуренцијата. Минималните барања и услови наведени во тендерската документација даваат доволна гаранција дека предметот на набавка би бил квалитетен, а во исто време би се исполниле начелата од Законот за јавните набавки.

Комисија за јавни набавки